Deloitte.



# Понуда за ревизија

## РЖ Услуги

2017, Deloitte Скопје

# Содржина

| | |
|---|---|
| Содржина | 1 |
| Преглед | 3 |
| Разбирање на Вашите потреби | 4 |
| Зошто Deloitte? | 5 |
| Нашиот пристап | 6 |
| Цел на ревизијата, предложен пристап и методологија | 8 |
| План за работа | 9 |
| Нашиот тим | 11 |
| Наши референци | 17 |
| Рокови | 18 |
| Надомест | 19 |
| За Deloitte | 20 |
| Наши останати услуги | 22 |

# Deloitte е една од најголемите компании за професионални услуги во светот, со преку 225,000 вработени во повеќе од 150 земји

# Преглед

## Веруваме дека можеме да одговориме на вашите потреби поради неколку причини:

- Нашиот пристап кон ревизијата се прилагодува на потребите на секој поединечен клиент земајќи ги во предвид карактеристиките на дејностите на клиентите како и единствените индивидуални специфичности на работењето, т.е. евентуалните сметководствени, ревизорски и ризици во финансиското известување.

- Како и останатите наши клиенти, така и РЖ Услуги, ќе добие првокласни ревизорски услуги во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Нашето богато искуство гарантира дека нашиот извештај ќе биде прифатен од страна на неговите корисници.

- Процесот на ревизија го водиме од перспектива на ризиците, нашето мото е “Без изненадувања”. Ги инкорпорираме најдобрите методи со заедничка комуникација со менаџментот со цел да се идентификуваат критичните точки уште во фазата на планирање.

Нашата желба е нашите клиенти успешно да ги исполнат своите стратешки цели и цврсто веруваме дека можеме да дадеме придонес преку спроведувањето на независна и објективна ревизија.



Подготвени сме да Ви пружиме квалитетни услуги и веруваме во нашата способност да одговориме на Вашите потреби.





# Разбирање на Вашите потреби

Нашиот тим од експерти кој е директно фокусиран кон пружање на услуги со највисок квалитет, е гаранција дека ќе добиете врвни услуги кои ќе ги надминат Вашите очекувања.

**Предмет на ревизијата**

Врз основа на Вашето барање, сфативме дека имате намера да ангажирате меѓународно призната ревизорска фирма за да изврши статутарна ревизија на финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи за годината која што завршува на 31.12.2017 година.

# Зошто Deloitte?



## Нашата цел е да им пружаме помош на нашите клиенти и нашите вработени!

## Настојуваме во текот на ревизијата и процесот на известување да допринесеме кон подобрување на работењето на нашите клиенти.

- Deloitte има огромно искуство во ревизија на претпријатија, во Европа и ширум светот. Нашата канцеларија во Скопје го применува тоа искуство во извршувањето на ревизијата за Вас.
- Нашиот пристап кон ревизијата се прилагодува на потребите на секој поединечен клиент земајќи ги во предвид карактеристиките на дејностите на клиентите како и единствените индивидуални специфичности на работењето, т.е. евентуалните специфични сметководствени и извештајни ризици кои се појавуваат.
- Deloitte обезбедува јасно дефинирани услуги.
- Deloitte успешно им помага на своите клиенти на пазарот кој што брзо се менува и каде што меѓународните компании стануваат се побројни.
- Главната цел на Deloitte е нашите услуги да ги задоволат сите деловни потреби на нашите клиенти.



# Нашиот пристап

## Deloitte Скопје врши прилагодување на ревизорскиот пристап и другите советодавни услуги според потребите на секој клиент одделно.

Нашиот ревизорски пристап се заснова на следново:

- работа под надзор на партнерот
- пристап врз основа на ризикот кој ја концентрира ревизијата во подрачја каде што ризикот од матерјално значајни грешки е најголем
- разбирање на работењето на клиентот
- прилагодување на ревизорскиот пристап за секој клиент
- моментален пристап на сите наши сервисни линии и постоечко искуство со јасна комуникација и известување
- професионално советување по потреба, во текот на целата година и сигурен квалитет.

| | |
|---|---|
| **Прелиминарно планирање** | • Состанок со раководството<br>• Собирање на информации<br>• Запознавање со Вашето работење<br>• Запознавање со Вашите сметководствени процеси |
| **Планирање на ревизијата** | • Проценка на ризикот<br>• Избор на ревизорска процедура |
| **Ревизорски проверки** | • Проверка<br>• Фокусирање на ризични подрачја<br>• Проценка на резултатите од проверките |
| **Завршеток и известување на раководството** | • Разрешување на отворените прашања со раководството<br>• Издавање на ревизорско мислење<br>• Издавање на извештај на независните ревизори |

Во текот на целиот процес нашето раководство и персоналот ќе соработува со Вашиот раководен тим со цел да се обезбеди извршување на ревизија без тешкотии и разјаснување на главните прашања во раната фаза за да може изработката на извештајот и потпишувањето на ревизорското мислење да се спроведат во предвидениот рок.



# Цел на ревизијата, предложен пристап и методологија

Целта на ревизијата е давање мислење дали финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи објективно и вистинито, според сите материјално значајни прашања, ја прикажуваат состојбата на РЖ Услуги за годината која завршува на 31.12.2017 година подготвени во согласност со домашната регулатива.

## Согласно со Вашите потреби и Вашите барања, Deloitte ќе издаде:

- Независно мислење на ревизорите дали единечните финансиски извештаи објективно и вистинито, според сите материјално значајни прашања, ја прикажуваат финансиската состојба и резултатите од работењето на РЖ Услуги за годината што завршува на 31 декември 2017 година, во согласност со сметководствената регулатива која се применува во РМ, на македонски јазик.

- Независно мислење на ревизорите дали консолидираните финансиски извештаи објективно и вистинито, според сите материјално значајни прашања, ја прикажуваат финансиската состојба и резултатите од работењето на РЖ Услуги за годината што завршува на 31 декември 2017 година, во согласност со сметководствената регулатива која се применува во РМ, на македонски јазик.

# План за работа

## Преглед на активностите кои треба да се извршат:



Врз основа на нашето разбирање на Вашите потреби, нашиот план за работа ќе се фокусира на посебните процедури кои се наменети за исполнување на целите и барањата одредени од страна на РЖ Услуги.

Врз основа на нашето искуство на слични проекти, нашиот план е поделен во следниве фази:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Фаза I | Планирање |
| 2. | Фаза II | Теренска работа, спроведување на планот |
| 3. | Фаза III | Известување |

### Фаза I - Планирање
### Разбирање на работењето, организацијата и опкружувањата

Во оваа фаза, преку детална анализа на финансиските информации и информациите од раководството на РЖ Услуги, како и по пат на интервјуа со клучните членови, ќе го разбереме и детално ќе го документираме разбирањето за работењето на Друштвото кое е предмет на ревизија. Првите интервјуа ќе ги остварат раководните членови на ревизорскиот тим, за време на првата планирана посета на клиентот.

Ќе ги проучиме и процениме интерните и екстерните фактори кои влијаат на работењето на РЖ Услуги. Ќе ги обезбедиме и анализираме информациите во врска со финансиската состојба на РЖ Услуги. Примарна цел на овие процедури е да ги поврзе нашите разбирања за работењето и специфичните финансиски резултати на РЖ Услуги во бараниот период, вклучувајќи ги и клучните приходи и трошоци. Овие процедури ќе ни овозможат да донесеме прелиминарни заклучоци.

Исто така, во текот на оваа фаза ќе го прегледаме и процениме сметководствениот систем на РЖ Услуги, вклучувајќи ги интерните контроли и тековите на трансакциите.

### Фаза II - Теренска работа
### Спроведување на посебни ревизорски постапки и ревизорски тестови

Во оваа фаза ќе ги спроведеме посебните процедури, прегледи и испитувања како и анализите кои го сочинуваат Планот за работа.

## Фаза III - Ревизорско мислење

Нацрт извештајот на ревизијата ќе биде доставен до раководството на разгледување и сите отворени прашања ќе бидат соодветно комуницирани. После одобрување на нацрт извештајот, ќе го издадеме конечното мислење на независните ревизори.



# Нашиот тим

Успешниот и правовремениот завршеток на ревизијата бара комбинација од експерти во релевантната дејност во меѓународното сметководство. Исто така бара и способно раководство за управување со проектот, внимателно планирање и координација со различните елементи како и прецизен мониторинг. Исто така, клучен е и високиот степен на професионална дискреција и блиска соработка со клиентот.

Нашиот ревизорски тим има вештина и искуство потребно да се обезбеди успешен и благовремен завршеток на ревизијата.

Одбравме искусен тим од професионалци кои ги разбираат Вашите потреби и поседуваат сметководствено и ревизорско искуство со знаење кое што е потребно за извршување на овој проект. На тој начин ние сме во можност да понудиме професионална, брза и сеопфатна услуга.



**Нашиот тим е внимателно составен со цел да одговори на Вашите специфични потреби.**

**Партнер**
Мирослав Тончиќ

**Партнер, Контрола на квалитет**
Милош Мацура

**Директор**
Лидија Нануш

**Директор на ревизија**
Александар Аризанов

**Менаџер на ревизија**
Јане Иванов

**EPC Менаџер**
Жарко Матејиќ

Ревизорски тим

## Мирослав тончиќ, CA, Партнер



**Мирослав Тончиќ, CA,** е партнер во секторот ревизија одговорен за организација и извршување ревизија и советодавни сметководствени услуги во канцелариите на Deloitte во Србија и Црна Гора, Република Српска и Република Македонија. Исто така, во рамките на Deloitte, Централна Европа има улога на ревизорски партнер одговорен за спроведување на интерна контрола на квалитетот на извршените ревизии. Тој има значајно искуство во имплементација на Меѓународните Сметководствени Стандарди и ревизија на финансиски извештаи подготвени во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување IAS/IFRS. Неговото долгогодишно искуство опфаќа и ангажмани во други земји како што се Русија, Украина, Бугарија, Македонија и Република Српска. Во периодот од 1999 до 2002 година ја вршеше функцијата директор на Deloitte Македонија, каде што беше одговорен за давање услуги на клиенти, вклучувајќи ги: Електростопанство на Македонија, Македонски телекомунникации, Стопанска банка, Комерцијална банка, Макпетрол, ЕМО, Инвестбанка итн. Тој е овластен ревизор на Србија и Црна Гора и Република Македонија. Се специјализирал во давање услуги на клиенти (IAS/IFRS) и локалните сметководствени регулативи во гореспоменатите земји. Тој е исто член на експертската групација во рамките на Deloitte Central Europe за давање услуги на клиенти од областа на финансискиот сектор, пред се на банките, финансиските институции и берзите. Тој е Партнер одговорен за проекти финансирани од EBRD и World Bank.

Негови поважни клиенти во банкарскиот сектор во Србија и Република Српска се: Народна банка на Србија, Комерцијална банка, а.д. Београд, Војвоџанска банка а.д. Нови Сад, Јубанка а.д. Београд, Континентал банка а.д. Нови Сад, Новосадска банка а.д. Нови Сад, Делта банка а.д. Београд, ЈУБМЕС, National Bank of Greece, Alpha bank, HVB Yugoslavia а.д. Београд, Hypo Alpe Adria Bank, ПроКредит Банка и др. банки во кластерот. Негови поважни клиенти вклучувајќи и претпријатија се: Ратко Митровић, Ратко Митровић – нискоградња, JAT Airways и Електропривреда Србије, Телеком Црне Горе, ПроМонте ГСМ Подгорица, ПТТ (телекомуникации), Фонд за развој Републике Црне Горе, Дунав осигурање и ДДОР Нови Сад (најголема осигурителна компанија во Србија), Генех, Инвест Импорт и др. претпријатија од индустријата.

## Милош Мацура, CPA, Партнер одговорен за контрола на квалитетот



**Милош Мацура, CPA** е генерален директор и советодавен партнер во секторот за ревизија, одговорен за извршување на ревизија и спроведување на контрола на квалитетот на извршените ревизии во канцелариите на Deloitte во Србија, Црна Гора, Република Српска и Македонија.

Тој е одговорен за работењето на сите наведени канцеларии во согласност со единствената методологија пропишана од страна на глобалната фирма Deloitte. Г-динот Мацура раководи и ги координира повеќето мултифункционални проекти кои бараат комбинација на ревизорски, сметководствени и консултантски знаења, а се со цел оптимизирање на работењето на клиентите.

Неговото искуство опфаќа неколку години на меѓународно ангажирање во неколку Источно-европски земји како што се: Русија, Украина, Молдавија и други, како и во Република Српска на работни задачи - ревизија на финансиски извештаи, реорганизација, унапредување на сметководствените и информатичките системи за известување, обука и примена на меѓународните сметководствени стандарди и US GAAP, а за потребите на Светска банка, EBRD, IFC.

Господин Мацура поседува звање на Меѓународно признат, овластен сметководител во Соединетите Американски држави, и звање на овластен ревизор на Србија и Црна Гора. Неговата специјализација е ревизија на финансиски извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и поседува звање на меѓународно признат овластен сметководител во Соединетите американси држави и US GAAP за претпријатија од областа на индустриското производство, енергетиката, телекомуникациите и банкарскиот сектор.

## Лидија Нануш, CA, Директор на проектот



**Лидија Нануш, CA** е Директор на Deloitte, Македонија. Своето образование го има стекнато на економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, како и на постдипломските студии за сметководство и ревизија на Northern Illinois University во Америка, грант од Fulbright програмата. Исто така има посетувано CPA обука на истиот универзитет со цел стекнување CPA сертификат во Америка. Таа е Овластен ревизор во Република Македонија и член на Институтот за овластени ревизори во Македонија.

Лидија Нануш има преку 20 години искуство во полето на ревизијата, финансиското советување и обука на професионалци за Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за ревизија преку проектите на УСАИД за реформи во сметководството и ревизијата, World Bank, Комисијата за хартии од вредност.

Нејзиниот консултантски и ревизорски ангажман во Р. Македонија ги опфаќа: Рамстор, Виталиа, Дајнерс Клуб, МИ-ДА Моторс, БЕГ, ЕВН, ЕЛЕМ, Митал Стил, Дојран Стил, Руднап, Езпада, Алкалоид, Фруктал, Стопанска банка, Комерцијална банка, Македонска берза, Халк банка, Шпаркасе банка, Охридска банка, Македонска банка за поддршка на развојот и др.

Покрај ревизорските, водеше и проекти за советување при аквизицијата на мнозинскиот пакет акции од страна на DHB Банка Холандија, длабинска анализа на Инвест Банка и Поштенска Банка АД Скопје.

## Александар Аризанов, CA, Директор на ревизија



**Александар Аризанов, CA** е директор на ревизија во Deloitte, Скопје од 2006 година. Тој има значајно искуство во ревизија на финансиски извештаи подготвени во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување (IFRS).

Академско образование има стекнато на Економскиот Факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје. Тој е овластен ревизор со сертификат издаден од Министерството за финансии на Република Македонија. Има преку 23 години искуство во вршење на ревизија. Неговото искуство опфаќа ангажмани на проекти во Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Бугарија и Албанија.

Неговите ангажмани вклучуваат ревизија на: Комерцијална банка АД Скопје, Алкалоид Скопје, ЕМО Охрид, Ратко Митровиќ, Alliance One, ОКТА Скопје, УСЈЕ Скопје, Аеродром Приштина (транспорт), British American Tobacco, Скопје, Toyota Скопје, Knauf Радика Скопје, Germanos Скопје и многу други.

Негова примарна специјалност е јавниот сектор. Тој бил одговорен за проекти финансирани од Светска банка, како Проект Менаџер за ревизија на 20 проекти на Светска банка во Босна и Херцеговина.

## Јане Иванов, CA , Менаџер на ревизија



**Јане Иванов, CA** е Менаџер на ревизија и работи во Deloitte Скопје од 2004 година. Во текот на неговата кариера има учествувано во повеќе од 100 ревизии на македонски банки и претпријатија, вклучувајќи ги: Стопанска банка Скопје, Инвест банка, Македонска банка за поддршка и развој, Зираат банка, Штедилница Можности, Хипо-Алпе-Адриа Лизинг, Унија Финансиска, Смалл Инвестмент Фунд, Динерс Клуб, Арцелормиттал, Балфин, Алкалоид, Кнауф, Алајанс Уан и други

Тој исто така има учествувано во ревизиите на големи претпријатија во Србија (ЈП Електропривреда Србије, Центропроизвод, Делта Спорт, Генекс, Алајанс Уан), Босна и Херцеговина (Хипо-Алпе-Адриа банка, Волксбанка, Уни кредит банка).

Неговите ангажмани вклучуваат и длабински анализи на Инвест банка, Капитал банка, Халк банка , Новоматик и др.

## Жарко Матејиќ, CISA, Менаџер за управување со ризици



**Жарко Матејиќ, CISA** е Risk Service & IT Менаџер и е член на тимот за информатичка поддршка што функционира како дел од секторот за ревизија во Deloitte. Тој е овластен ревизор за компјутерски системи (CISA) прогласен од ISACA.

Управувањето со ризик претставува дел од ревизорските активности во рамки на ентитетот кој го опфаќа информациониот систем и контролите. Тој има преку 7 години работно искуство во оваа област.

Неговата примарна улога е поддршка на ревизијата за Македонија, Србија и Црна Гора и Република Српска како и на проекти од областа на Менаџмент консалтингот, Интегрирани процеси и системи и IT Due Diligence.

Има учествувано во ревизија на ангажмани во Република Македонија: Стопанска банка ад - Скопје, Комерцијална банка а.д., Скопје, (ERS поддршка на ревизијата, Ревизија на информационите системи и проект од областа на Менаџмент консалтингот “Bank Card Strategy Review”), Македонска банка за поддршка и развој, ProCredit Bank, Тетекс Кредитна банка ад Скопје, Инвестбанка а.д., Скопје, Тетовска банка ад, Тетово, УниБанка, Комерцијално-Инвестициона банка ад Куманово, Зираат Банкаси, Радобанк ад Скопје итн. и финансиски институции: Македонска берза, Штедилница Можности, Штедилница Малешевка, Берово, Унија финансиска, Фонд за осигирување на депозити, Diners Club International итн.

Исто така неговите ангажмани во Србија и Црна Гора и Република Српска вклучуваат: Hypo Alpe Adria Banka, Continental Banka, Delta Banka, Cacanska Banka, Jubanka, AUK Banka, Rai Banka и др.

Исто така неговите ангажмани вклучуваат ревизија на најголемите бугарски банки: НБГ филијала Софија, United Bulgarian Bank, Eurobank, Rosexim Bank, Sofia, Central Cooperative Bank, DSK bank, BTC bank, CCB bank, Raiffeisen Bank, UBB bank и др.

# Наши референци



## Во текот на работата низ годините, Deloitte си обезбеди цврста позиција на пазарот. Пружаме услуги на некои од најголемите меѓународни и домашни компании од различни деловни сегменти.

Нашите ревизии ги извршуваме во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија и во согласност со Deloitte меѓународниот ревизорски пристап, при што ги применуваме барањата за квалитет од нашето глобално искуство. Deloitte Скопје секогаш ги модифицира своите ревизорски и консултантски ангажмани со цел да одговори на потребите во секоја ситуација.

Не правиме разлика меѓу клиентите, но ќе споменеме само некои од нашите поголеми клиенти во Република  Македонија:

| Банки | Претпријатија |
|---|---|
| • Стопанска банка - Скопје | • Митал Стил |
| • Комерцијална банка - Скопје | • Алкалоид АД Скопје |
| • ЦКБ Банка - Скопје | • ЕЛЕМ |
| • Охридска банка | • ЕВН АГ |
| • Халк Банка | • Балкан Енерџи Груп |
| • Уни банка - Скопје | • УНИКА осигурување |
| • Прокредит банка - Скопје | • Албсиг осигурување |
| • Македонска банка за поддршка на развојот | • Инсиг осигурување |
| • Охридска банка | • Подравка |
| • Тутунска банка | • Alliance One |
| • Македонска берза | • АрцелорМитал |
| • HellenicExchanges Holding S.A. | • L & H Group |
| • Унија финансиска – Скопје | • ENEL S.P.a |
| • КБ Прво пензиско друштво | • Хемофарм |
| • Шпаркасе Банка | • Мекедонски телеком |
| • Штедилница Можности | • Т-Мобиле |
| • Diners Club | • Макпетрол |
| • Штедилница Фулм | • Жито Лукс |

# Рокови

## Планираме ревизијата да ја извршиме во следните предложени рокови:

**Предлог рокови**

| Работа на терен | Рок |
|---|---|
| **Ревизија** | По договор |
| **Известување** | **Рок** |
| **Нацрт извештај** | По договор |
| **Конечен извештај** | По договор |



# Надомест

Нашиот надомест за извршување на ревизија на финансиските извештаи на РЖ Услуги за 2017 година е одреден врз основа на планираното време кое раководителите и нашиот персонал, со различно ниво на искуство, ќе го потрошат на овој ангажман.



Нашиот надоместок е во согласност со стандардите на пазарот, одржувањето на квалитетот на нашата работа и фактот дека во текот на ревизијата и процесот на известување допринесуваме за подобро работење на нашите клиенти. Свесни сме на фактите дека деловната политика на секоја компанија подразбира намалување на сите трошоци, вклучувајќи ги и трошоците за ревизија и консалтинг. Меѓутоа, намалувањето на надоместокот за извршување на ревизија не би смеело да влијае на квалитетот на извршување на оваа задача која се остварува со потполна примена на највисоки професионални стандарди за ревизија.
За ефикасно извршување на ревизијата (со заштеда на време и човечки ресурси, како на ревизорот така и на клиентот), потребно е, покрај останатото, на соодветен начин да се подготват сметководствените и другите податоци кои се од значење за извршување на целата постапка на ревизијата. За таа цел нашата фирма ќе состави и достави пакет со преглед на неопходните информации, кои Вашите одговорни стручни работници би требало навремено да ги обезбедат, односно пред почетокот на ревизијата.

| **Услуга** | **Надомест (ЕУР)** |
|---|---:|
| Статутарна ревизија за 2017 година | 7.000 |
| **ДДВ** | 1.260 |
| **ВКУПНО:** | **8.260** |

Данокот на додадена вредност од 18% паѓа на товар на нарачателот

**Забелешка:** Ова е необврзувачка понуда која подлежи на процедурите за одобрување и прифаќање на клиент и ангажман на Deloitte Централна Европа. Оваа нацрт понуда е само за дискусија.

Динамиката за исплата на надоместокот би била следна:

| **Рата** | **Време** | **% од вкупниот надомест** |
|---|---|---:|
| I | Со потпишување на Договор | 30% |
| II | Со започнување на работа на терен | 40% |
| III | Со издавање на нацрт извештај | 30% |

# За Deloitte




Deloitte Централна Европа во овој регион е една од водечките фирми која дава професионални услуги, ревизија и советување со светски квалитет, даночно и правно советување, менаџмент консалтинг и финансиско советување. Повеќе од 3.500 наши вработени стручи лица од 17 земји во Централна Европа обезбедуваат услуги на најголемите национални компании, мултинационални корпорации, јавни институции и многу компании во развој во целиот регион, од Балканот до Балтикот.

Нашите ревизори поседуваат знаење компатибилно со знаењето на стручните лица од другите канцеларии на Deloitte ширум светот, вклучувајќи и знаење од областа на развојот на сметководствените софтвери кои значително ја унапредуваат ефикасноста и точноста на нашите ревизорски процедури како и системот за известување на нашите клиенти.

Deloitte има огромно искуство во ревизии на претпријатија, финансиски институции и невладини организации во Централна Европа и во целиот свет, а канцеларијата во Скопје го применува тоа искуство и пристап во вршењето на ревизија. Овој пристап подразбира сите прашања кои ќе произлезат во текот на вршењето на ревизијата да се разгледаат детално во посебен Извештај до раководството, кој претставува алатка на раководството во исполнување на неговите цели и задачи.

### Deloitte во Македонија

Deloitte Македонија е основана во 1994 година, и е една од водечките професионални фирми за давање на услуги во земјава. Ние се фокусираме на давање на услуги на нашите клиенти користејќи ја нашата глобална и регионална структура во Македонија. Со повеќе од 170.000 вработени експерти во повеке од 150 земји, вклучувајќи ги Македонија и Србија, нашата организација вклучувајќи ги и нашите филијали, дава услуги во четири професионални области: ревизија; даноци; консалтинг како и финансиско советување. Нашата организација опслужува голем дел од најголемите компании во регионов, како и големите национални претпријатија, јавни институции, локални уважени клиенти, брзо растечки претпријатија.

Поради законски или други причини, само одредени филијали не даваат услуги во сите четири области.

Во Македонија услугите се извршувани од страна на Deloitte ДОО, Скопје, (попознат како "Deloitte Македонија”) која што е една од филијалите на Deloitte Central Europe Holdings Limited.Deloitte Македонија е една од водечките професионални организации за давање на услуги во земјава во областа на ревизијата, даноците, консалтингот како и финансиското советување претставувана од повеке од 15 професионалци и истакнати специјалисти и експерти. Deloitte е познат по своите иновативни програми за човечки ресурси кои ги користи за давање помош и најголема важност на нашите клиенти и нашите вработени.

Deloitte е една од водечките светски фирми во областа на ревизија, финансиско советување, менаџмент-консалтинг и даночно советување со преку 182.000 стручни лица во повеќе од 150 земји. Користиме ресурси на фирмата од целиот свет како би обезбедиле техничка експертиза, регионално знаење и менаџерски вештини кои се неопходни за давање услуги со врвен квалитет на нашите клиенти.


Estonia
Latvia
Lithuania
Poland
Czech Republic
Slovakia
Moldova
Hungary
Romania
Slovenia
Croatia
Serbia
Bulgaria
Bosnia - Herzegovina Republika Srpska
Bosnia - Herzegovina
Kosovo
Montenegro
Macedonia
Albania

# Наши останати услуги

Применувајќи методологија која ја разви Deloitte, покрај ревизија на финансиските извештаи, нашата фирма ги нуди и следниве специјализирани услуги:

- Преглед на финансиски извештаи
- Компилација на финансиски извештаи
- Договорени постапки кои се применуваат на финансиските извештаи
- Посебни испитувања



## СМЕТКОВОДСТВО

Покрај ревизија Deloitte, дава и услуги во областа на унапредување на сметководствените функции. Услугите вклучуваат:

- Унапредување на системот на интерни контроли
- Воведување на интерна ревизија и обезбедување на методолошки основи за нејзина успешна работа
- Оценка на бонитетот
- Консултации за изготвување на специјални биланси (основачки, санациони, делбени, ликвидациони, стечајни и биланс на спојувања)
- Обука на персоналот за примена на домашните и Меѓународните стандарди за финансиско известување (IFRS), претходно познати како Меѓународни сметководствени стандарди (IAS).



## ФИНАНСИСКО-СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ

Deloitte, посебно е специјализиран во областа на финансискиот и менаџмент консалтингот, а дава и услуги во следниве области:

- Проценка на вредноста на капиталот
- Проценка на вредноста на основните средства
- Реструктуирање на претпријатието
- Стратегија за развој
- Изготвување на Business план
- Програми за приватизација
- Due Diligence извештаи (дијагностички испитувања)
- Спојувања, продажби и Joint Venture аранжмани – заеднички вложувања



## МЕНАЏМЕНТ КОНСАЛТИНГ



Услугите во областа на менаџмент консалтингот вклучуваат:

- Реинженеринг на деловните процеси
- Развој на систем за управувачко известување
- Информациони технологии (хардвер и софтвер)
- Управување со проектите
- Советодавни услуги за одделни сектори (банки, електростопанство, нафтена индустрија и др.)

## ДАНОЧНИ И ПРАВНИ СОВЕТИ

Deloitte претставува водечко име во светот и во областите на даночниот консалтинг. Во многу земји им дава на своите клиенти најпотполни услуги од даночното планирање. Врвните професионалци од Deloitte даваат даночни и правни совети, а тие совети го надминуваат она што сметководството на фирмата или адвокатите можат да го понудат.



ашето даночно советување ги опфаќа сите области кои се важни за утврдување на оптимално даночно оптеретување на претпријатието и други правни лица во земјата за странски вложувања и проширување на деловните активности на овој пазар. Даночно советување се однесува на сите постапки во приватизацијата, спојувањата и припојувањата или при основање на нови претпријатија. Целта на нашиот консалтинг е намалување на даночните обврски и намалување на даночниот ризик. Нашите услуги се однесуваат особено на данокот од добивка на претпријатието, меѓународното оданочување, премин кон данок на додадена вредност, индиректно оданочување, царина и услуги на странци поврзани со нивната работа и престој во земјата.

Deloitte.

“Deloitte” is the brand under which tens of thousands of dedicated professionals in independent firms throughout the world collaborate to provide audit, consulting, financial advisory, risk management, tax and legal services to selected clients. These firms are members of Deloitte Touche Tohmatsu Limited (DTTL), a UK private company limited by guarantee. Each member firm provides services in a particular geographic area and is subject to the laws and professional regulations of the particular country or countries in which it operates. DTTL does not itself provide services to clients. DTTL and DTTL member firm are separate and distinct legal entities, which cannot obligate the other entities. DTTL and each DTTL member firm are only liable for their own acts or omissions, and not those of each other. Each of the member firms operates under the names "Deloitte", "Deloitte & Touche", "Deloitte Touche Tohmatsu", or other related names. Each DTTL member firm is structured differently in accordance with national laws, regulations, customary practice, and other factors, and may secure the provision of professional services in their territories through subsidiaries, affiliates, and/or other entities.

© 2017 Deloitte Macedonia.